Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 65/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 година, врз основа на примена жалба од д-р Драган Јакимовски ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Осомничениот доктор Драган Јакимовски од Онкологија бара извинување од „Слободен печат“ зашто објавивме дека е осомничен“, објавен во „Слободен печат“ на 05.02.2024 г., отстапува од етичките стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Доктор Јакимовски од Клиниката за Онкологија на 06.02.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Комисијата за жалби на СЕММ, дека спротивно на новинарската етика неговото име било објавено во написите на „Слободен печат" во врска со скандалот на Онкологија, а поводот е тоа што во постапката на Јавното обвинителство околу овој случај, како што тврди медиумот, докторот е еден од осомничените за кривичното дело помагање при измама во службата.

Во претставката меѓу другото стои:
Медиумот не ја почитувал презумпцијата на невиност и по доставениот Демант од страна на доктор Драган Јакимовски дека е објавено името и презимето во текстот (На Онкологија биолошката терапија погрешно се давала на ден пред умирање, но и се штанцала на лента на секои 7 денови), на новинарката Мирослава Симоновска од 31.01.2024 година, каде ги објавила имињата и презимињата на лицата кои не биле објавени на прес-конференција од страна на Јавното обвинителство за спроведената истрага на Онкологија. Медиумот, преку новинарката Мирослава Симоновска, навел дека поседува докази дека посочениот доктор е осомничен во истрагата на ОЈО Скопје и истите ќе ги поткрепи со материјални докази и биле спремни да ги докажат на суд.

Медиумот, преку новинарката Мирослава Симоновска, се ставил во улога на полиција, обвинител и суд, без да направи разлика дека нема таква пропишана улога…
Жалителот наведува дека е повредена презумпцијата на невиност на лицето Драган Јакимовски, граѓанин на оваа држава, кој полага еднакво право како и сите други граѓани…

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 09.02.2024 е упатен одговор од медиумот, преку авторката на текстот М. Симоновска, во кој во целост се отфрлаат наводите од жалбата.

Комисијата доби одговор и од менаџментот на медиумот во кој се отфрлаат исто така сите аргументи на жалителот а жалбата ја оценуваат како неоснована:
„Во име на редакцијата на „Слободен печат" и авторот на текстот Мирослава Симоновска, би сакале да ве известиме дека жалбата поднесена од горенаведеното лице ја сметаме за неоснована и целосно ги отфрламе жалбените наводи како невистинити и паушални од следните причини: единствена реченица која е сама по себе содржател на контекстот во неа, а во која истовремено е наведено полното име и презиме на жалителот – е од следната

содржина, цитирам: „Останатите троица лекари Мери Пешевска, Драган Јакимовски и Симонида Црвенкова се осомничени за помагање на измама во службата“.

Неспорен факт е дека лицето Драган Јакимовски (меѓу другите лица наведени во новинарските текстови на Симоновска) е предмет на јавно позната кривична истрага за случајот „Онкологија“ која ја поведе ЈО на РСМ, настан, кој со истражувачкото новинарство на Симоновска – го иницираше нашиот медиум СЛОБОДЕН ПЕЧАТ во јавноста; факт е дека во таа кривично правна постапка наведеното лице има статус на – ОСОМНИЧЕН! Земајќи го во предид Законот за кривично процесно право на РСМ, според кој истражната постапка (за разлика од предистражната) не е тајна, од друга страна, имајќи ги предвид заштитата на граѓанството од шпекулации, јавното здравје и здравствениот систем и последично појава на настан од највисок јавен интерес, на став сме дека со објава на името на Јакимовски не е повредена презумпцијата на невиност од повеќе причини#, ,меѓу кои Комисијата ги издвојува:
- Извор на информации не се само прес конференции, разни соопштенија, коминикеа и слично. Умешноста на секој новинар е да дојде до информации кои вообичаено се прикриваат или инструментализираат или кога истите се пласираат во јавноста со разни техники со цел да се „насочува“ јавноста во посакуваните правци. Со осознавање и објава на проверени информации се спречува појава на шпекулации, грешно толкување и заведување на јавноста.
- Изворот на информацијата дека помеѓу другите лица – лицето Драган Јакимовски е осомничено – е сериозен и кредибилен, за што поседуваме доказ во писмена форма.

Уредничкиот колегиум пред објавување на горенаведените текстови изврши процена и воспостави баланс помеѓу неспорно високиот јавен интерес, интересот на јавноста, интересот на другите обвинети во таа постапка, наведувањето (помеѓу другите) и името на осомничениот Јакимовски, од причина што уредничникот колегиум се водеше исклучиво од воспоставената пракса на врвното судско тело на ЕУ за заштита на човечките права - Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст наведени како ЕСЧП) за вакви случаи од висок јавен интерес; од вкупно (до сега) пет лица со ЈО квалификатив – обвинети – на двајца од нив, во блиското минато по иницирање на настанот во јавноста, а последично и постапувањето на ЈО, имињата на двајцата првообвинети – Д-р Нино Васев, Нехат Нухи беа објавени во медиумите во РСМ. Водејќи сметка дека секој учесник во оваа истрага треба да добие подеднаков третман (апсолутно непристрасен), се одлучи да се објават и имињата на преостанатите граѓани кои се осомничени во овој случај, меѓу кои е и вклучително името на Драган Јакимовски. Со оваа одлука се избегна сомнежот во јавноста да се создаде впечаток на селективност, претпоставка на „заштита на идентитетот“ на другите осомничени, избегнати се прашања и шпекулации на јавноста зошто на двајцата обвинети (во истиот акт на ЈО) се објавуваат јавно нивните имиња, а на останатите – не.“

Потоа се цитира член 16 од Уставот каде се наведени слободите на медиумите и граѓаните и каде се наведува дека цензурата е забранета, па во одговорот од медиумот продолжуваат:
„Дополнително на горенаведените факти, познато е дека Наредбата за истражна постапка опфаќа лица (меѓу кои е и Јакимовски) кои се платени од народните пари и буџетот на РСМ, а институцијата во која работат е во државна (читај) народна сопственост и е во функција на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

јавно здравствениот систем на државата. Сите сознанија до кои дошла нашата новинарка Симоновска се предадени на надлежниот јавен обвинител, а во фаза пред поведување на предистражната постапка. Со тоа, нашиот новинар постапи по закон како што тоа е предвидено, не обидувајќи се да биде „полицаец, обвинител или судија“. Со тоа дејствие, Симоновска постапи во манир на совесен граѓанин и професионалец во својата струка.

Начелото на презумпција на невиност не е повредено во ниту еден дел, збор или текст на нашите објави; имено, во ниеден дел не се претпоставува, тврди, шпекулира или имплицира постоење на вина, сугерирање на пресуда, означување на некого (вклучително Јакимовски), издвојување или класификација на осомничените лица, фаворизирање на едни на сметка на други итн. Во случаи каде високиот јавен интерес станува експлицитно доминантен над приватниот (иако и приватноста не е повредена), јасни се насоките - како секој медиум, така и ние – треба да дадеме третман на одредена тема или општествена појава.

Објавување на нечие име и презиме согласно нашиот Закон за кривична постапка, кривично процесна постапка, мислењата на кривично правните авторитети (универзитетски професори) во земјата, не претставува повреда на начелото на презумпцијата на невиност, особено не кога на јавноста ѝ е познато дека е поведена истражна постапка. Презумпцијата на невиност можат да ја повредат органи во кривично правната постапка како што се ЈО, судот, вештаци, полиција и слично. Медиумот по вокација треба да известува употребувајќи точни, проверени факти…

Понатаму се наведуваат наградите на авторката на текстот, меѓу кои и за серијата текстови за „Онкологија“ и за случајот со родилката Јалдз Веаповска.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Со текстот со наслов „Осомничениот доктор Драган Јакимовски од Онкологија бара извинување од „Слободен печат“ зашто објавивме дека е осомничен“, објавен во „Слободен печат“ на 05.02.2024, а поврзан со текстот „На Онкологија биолошката терапија погрешно се давала на ден пред умирање, но и се штанцала на лента на секои 7 денови“, објавен на 31.01.2024 година, се прекршени етичките правила утврдени во членот 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот текст и текстот поврзан со него и утврди дека, без сомневање, станува збор за тема од висок јавен интерес. Случајот или скандалот со злоупотреба на скапите лекови на Клиниката за онкологија траеше со месеци и притоа ја сензибилизираше јавноста, бидејќи станува збор за лекување на луѓе со најтешки дијагонози во медицината. Освен тоа, станува збор за многу скапа медицинска терапија, за која од време

на време имало недостиг помеѓу две набавки на Клиниката преку Фондот за здравство, терапија која најголем дел од пациентите не можат да си ја дозволат на личен трошок. Од тука, јавниот интерес е неспорен, исто како што е неспорно дека поради долгата предистрага која траеше со месеци, на еден начин во јавноста се создаде и очекување и барање за конкретни виновници со име и презиме.

Но, колкав и да е јавниот интерес, граѓаните имаат уставно и законски загарантирано право на презумпција на невиност, не само во нашето општество, туку и според сите меѓународни правни документи кои се дел и од нашиот правосуден систем, каква што е Европската конвенција за човекови права. Во членот 6 на Конвенцијата се гарантира правото на секој поединец на правично судење, кое подразбира и дека „Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се́ додека неговата вина не се докаже по законски пат.“1

Оттаму, презумпцијата на невиност подразбира и обврска на медиумите да бидат особено внимателни при известувањето за кое било кривично дело, вклучително и за вакви мега случаи, за да не го повредат ова основно човеково право на секој осомничен или обвинет во судската постапка2. Имајќи предвид дека осомничените се медицински лица, за кои ако сомневањето не се потврди во натамошните постапки на Обвинителство (крај на истрагата, обвинителен предлог, обвинителен акт, судење), навистина може да се создадат тешки последици при нивната натамошна професионална кариера, односно може да се случи да се соочат со голема недоверба од страна на пациентите, со што, штетата се мултиплицира. Притоа, уште еднаш Комисијата сака да го нагласи фактот дека презумпцијата на невиност важи за сите фази од постапката.

Од друга страна, кога некој кривично-правен настан од вакви размери ќе дојде на суд, јасно е дека јавноста мора да биде вклучена во целост за да се задоволи јавниот интерес во смисла тоа дали правото на фер и правично судење се остварува во праксата.

Имајќи ги предвид искуствата од Европа и регионот и етичките кодекси од други земји (Германија, Швајцарија, Србија, Црна Гора, БиХ), Комисијата оцени дека во конкретниот случај со докторот кој се жали до СЕММ, јавниот интерес немало да изгуби ништо доколку не било објавено името на осомничениот доктор од Обвинителството, кое и самото како институција, на својата прес-конференција не ги навело осомничените ниту со иницијали. И со право, зашто Обвинителството е свесно дека станува збор за рана фаза во постапката и дека не мора да значи дека истрагата ќе донесе доволно докази за покренување обвинение и судски процес.

---

[1] Совет на Европа, Европска конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи, Достапно на: https://www.echr.coe.int/documents/convention_eng.pdf
[2] Совет на Европа, Принцип 2 од Препораката Rec (2003)13 на Комитетот на министри до државите членки за обезбедувањето информации преку медиумите во врска со кривичните постапки. Стразбур, 10 јули 2003. Достапно на: https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=51365

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во Кодексот на новинарите на Македонија ова е регулирано во членот 8 кој гласи:
Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на презумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

Член 7 од Кодексот упатува и на почитување на приватноста на луѓето, освен кога тоа е спротивно на јавниот интерес. Во случајов Комисијата со мнозинство гласови одлучи дека медиумот, иако го имал предвид јавниот интерес, сепак известил така што преовладал интересот на јавноста, па ги објавил имињата на осомничените до кои дошол по сопствени канали и извори и со тоа го прекршил членот 8 од Кодексот.

Објавувањето имиња на осомничените за кои ниту надлежната институција, Обвинителството не објавила ниту нивни иницијали, е етички прифатливо во медиумската пракса што ја Комисијата ја проучи и во споменатите кодекси од регионот и од Европа, само ако станува збор за врвни носители на јавни функции, долгогодишни или долгодецениски влијателни политичари и други лица што носат одлуки со кои се трошат јавните пари (на пример, во овој случај осомничените директори имаат поголема тежина од аспект на јавниот интерес) или пак широко познати и популарни јавни личности кои се осомничени или фатени во вршење кривични дела или пак ако веќе биле споменати од институција или од други медиуми. Впрочем, медиумската пракса и во земјата покажува дека се известувало без проблем кога станувало збор за осомничени политичари како што се Сашо Мијалков, Никола Груевски, Љупчо Палевски, Орце Камчев итн, како што се наведени и во одговорот од Симоновска. Но не е точно дека сите медиуми без исклучок ги објавиле имињата на осомничените доктори, освен имињата на двајцата раководители на клиниката, чии имиња и онака беа објавени/соопштени од актуелниот организациски директор на денот кога беше направено приведувањето во клиниката.

Мнозинството членови на Комисијата сметаа дека докторот кој се пожали до СЕММ не е лице од таков формат за да биде објавено неговото име поради тоа што јавниот интерес би го барал тоа, споредувајќи дури и со објавените имиња на раководители на Клиниката, кои по функција се одговорни за нарачките на лекови од Фондот за здравство. Текстот, во таа насока, не е внимателно напишан и не е вистина дека докторот што се жали е неутрално споменат на крајот на текстот со име и презиме. Дури и да не биле објавени имињата, авторот на текстот наведувајќи ги поблиску одделите каде што работат, направил контекст за поблиско лоцирање на идентитетот на осомничените. Освен тоа нема доволно дистанцирање од сознанијата до кои обвинителеството тврди дека дошло, па така уште со насловот На Онкологија биолошката терапија погрешно се давала на ден пред умирање, но и се штанцала на лента на секои 7 денови“, без ограда дека тоа го тврди ЈО, се создава впечаток дека станува збор за апсолутна вистина со што не може да се каже дека е направен баланс. Освен тоа, кога медиумот веќе ги објавил имињата, можел во истиот текст да покаже дека направил или ќе направи напор за контакт да ја праша одбраната на осомничените, со што би ја исполнил и професионалната и етичката обврска за балансираност.

Конечно, не е вистина како што се вели во одговорот на медиумот дека „Презумпцијата на невиност можат да ја повредат органи во кривично правната постапка како што се ЈО, судот, вештаци, полиција и слично“. Презумпцијата може да ја прекршат и медиумите и од таму е толку големиот број препораки и насоки за тоа како треба да известуваат медиумите во различни етички документи во кодексите и во препораките и прирачниците што се издадени од Советот на Европа, ОБСЕ и други релевантни организации.

Затоа мнозинството од Комисијата смета дека со текстот е прекршен членот 8 од Кодексот на новинарите, при што повеќе поради интерес на јавноста, отколку поради јавниот интерес, е објавено името на докторот кој се жали. Во оваа рана фаза на постапката сомневањето за сторено кривично дело, добиено во предистрага, како што пишува и самиот медиум, може да остане само сомневање и не мора да се потврди со обвинителен акт, а штетата направена врз лицето со тоа што неговото име е објавено, може да биде истоветна како и да е осуден. Комисијата сака да нагласи и дека станува збор за прв ваков случај на жалба до Комисијата во нејзиното досегашно работење, но и фактот дека за вака комплицирано етичко прашање, во услови кога во процесните закони или во медиумското законодавство нема цврста норма, секој случај е одделен и се проценува според неколку елементи, меѓу кои освен јавниот интерес улога играат и препознатливоста на лицето во јавноста, функцијата што ја извршува и слично. Комисијата исто така сака да нагласи дека не го спори тврдењето на медиумот дека поседува писмен доказ дека лицето што се жали е осомничено, ниту пак наградите на авторката на текстот, но дека Комисијата го разгледува овој конкретен текст, а не наградените.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Слободен Печат“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595